# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СТОКОВ КРЕДИТ КАЈ ВЛАДАТА НА ИТАЛИЈАНСКАТА РЕПУБЛИКА

**"Сл. весник на Р Македонија" број 31/99 од 24.05.1999 год.**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Владата на Италијанската Република претставувана од Медиокредито Централе - Главен Институт за доделување на среднорочни кредити, со стоков кредит во износ до 24,6 милијарди италијански лири, наменет за поддршка на платниот биланс па Републиката.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со Договор кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Медиокредито Централе.

**Член 3**

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 15 години и грејс период од 5,5 години. Главнината на кредитот ќе се отплатува полугодишно во 30 еднакви полугодишни рати, а каматата ќе се отплатува полугодишно на крајот од секој период од шест месеци од датумот на секое повлекување.

Каматата која ќе се плаќа на кредитот ќе биде 1,75% на годишно ниво.

За ненавремено отплатување на кредитот ќе се плаќа казнена камата во износ од 1,75% на годишно ниво за периодот од првите 35 дена веднаш по датата на пристигнување на плаќањето и во износ од 5% на годишно ниво за периодот до плаќањето на обврската.

**Член 4**

Стоковиот кредит ќе се реализира преку Македонската банка за поддршка на развојот, како агент на Владата на Република Македонија, која кредитот ќе го операционализира до крајните корисници преку одбрани комерцијални банки од Републиката.

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Сервисирањето на кредитот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна па крајните корисници.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".